Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:16.03.2026 15:19:33
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzhben vesnik na RSM, O=JP Sluzhben vesnik na Republika Severna Makedonija C.O. Skopje, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 55** **16 март 2026, понеделник** **година LXXXII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 920. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за определување на државни ловишта........................ | 3 |
| 921. | **Одлука** за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1.1.2024 до 31.12.2024 година................................................... | 3 |
| 922. | **Одлука** за одобрување на Годишниот финансиски план за 2026 година на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје........................... | 3 |
| 923. | **Одлука** за давање согласност на бизнис планот на железници на Република Северна Македонија транспорт АД – Скопје за 2026 година..... | 3 |
| 924. | **Одлука** за одобрување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес со класа на намена В7.3 - згради на полиција на дел од КП 4899/1 и дел од КП 4899/5, КО Кисела Вода 1, Градска четврт Ј20, Блок 10 од ГУП Скопје 2012, Општина Кисела Вода, Град Скопје...... | 4 |
| 925. | **Одлука** за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – гипс на Гипс и гипсени префабрикати „КНАУФ - РАДИКА“ АД Дебар на локалитетот „Долно Косоврасти“, Општина Дебар.................................................... | 4 |
| 926. | **Одлука** за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на техногени минерални суровини на локалитетот „Лојане“, Општина Липково.................. | 5 |
| 927. | **Одлука** за изменување на Одлуката за формирање на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија................................................ | 5 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 928. | **Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, промет, трговија и услуги АЛПХАПХАРМ ГРОУП ДОО Скопје.......................... | 6 |
| 929. | **Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги ЦБД МЕДПЛАНТ ДОО с.Борисово, Ново Село....................... | 6 |
| 930. | **Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Лифе плант ДОО увоз-извоз, Струмица.......................................... | 6 |
| 931. | **Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги ГРЕЕН ЛИФЕ ДОО, с. Јосифово, Валандово................................ | 7 |
| 932. | **Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги КАННАБИНОИДС ДОО увоз-извоз Кочани............................. | 7 |
| 933. | **Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги АТА-ФАРМ ГРУП увоз-извоз ДООЕЛ Скопје............................ | 7 |
| 934. | **Одлука** за одобрување на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес со класа на намена В7.3, на дел од КП 635, КО Центар 2, во Градска четврт Ј07 од ГУП Скопје 2012, КО Центар 2, Општина Центар, Град Скопје................................ | 7 |
| 935. | **Одлука** за донесување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење - енергетски комплекс - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10mw, КО Дуброво, КО Тимјаник, Општина Неготино.......... | 8 |
| 936. | **Решение** за давање на управување на државното ловиште „Полаки“...... | 9 |
| 937. | **Програма** за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2026 година................... | 9 |
| 938. | **Програма** за управување со водите за 2026................................................ | 10 |
| 939. | **Одлука** за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт.................................................. | 13 |
| 940. | **Одлука** за престанок на важење на Одлуката издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија............... | 16 |
| 941. | **Решение** за продолжување на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија...... | 16 |
| 942. | **Решение** за продолжување на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија...... | 17 |
| 943. | **Договор** за меѓуопштинска соработка.................................................. | 18 |
| | **Огласен дел**...................................... | 1-92 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**920.**

Врз основа на член 31 став (2) од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/23, 170/24 и 132/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНИ ЛОВИШТА

1. Во Одлуката за определување на државни ловишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.267/25) во точката 1 во воведната реченица зборот „шест“ се заменува со зборот „седум“.

Во потточката 1.2.3 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во потточката 1.2.4 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

По потточката 1.2.4 се додаваат две нови потточки 1.3 и 1.3.1 кои гласат:

„1.3 Брегалничко ловностопанско подрачје

1.3.1 Реон Кочани (ловиште бр.1 „Полаки“).“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 57-829/13 | Претседател на Владата |
| 10 март 2026 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |

**921.**

Врз основа на член 383 став (1) точка 2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД ОД 1.1.2024 ГОДИНА ДО 31.12.2024 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1.1.2024 година до 31.12.2024 година, усвоен со Одлука бр.0202-806 од 13.3.2025 година, на Одборот на директори на ова акционерско друштво, на седницата, одржана на 13.3.2025 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 57-966/10 | Претседател на Владата |
| 10 март 2026 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |

**922.**

Врз основа на член 72 став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/24, 224/24, 3/25 и 144/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2026 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ И ДАВАЊЕ УСЛУГИ ВО ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА М-НАВ АД СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се одобрува Годишниот финансиски план за 2026 година на Акционерското друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје бр.0501-1379/2 од 31.12.2025 година, донесен од Управниот одбор на М-НАВ АД Скопје, на седницата, одржана на 23.12.2025 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 57-1277/17 | Претседател на Владата |
| 10 март 2026 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |

**923.**

Врз основа на член 5 став (8) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ бр.48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20, 253/23 и 187/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА БИЗНИС-ПЛАНОТ НА ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРАНСПОРТ АД – СКОПЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Бизнис-планот на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за 2026 година бр. 03-372/1-7/1 од

4.3.2026 година, донесен од Управниот одбор на Друштвото, со Одлука бр.03-372/1-7 од 4.3.2026 година, на седницата, одржана на 4.3.2026 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| Бр. 57-1381/28<br>10 март 2026 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Северна Македонија,<br>проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |
|---|---|

**924.**

Врз основа на член 63-а став (13) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДБИ ОД СТРАТЕШКИ ИНТЕРЕС СО КЛАСА НА НАМЕНА В7.3 - ЗГРАДИ НА ПОЛИЦИЈА НА ДЕЛ ОД КП 4899/1 И ДЕЛ ОД КП 4899/5, КО КИСЕЛА ВОДА 1, ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј20, БЛОК 10 ОД ГУП СКОПЈЕ 2012, ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА, ГРАД СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес со класа на намена В7.3 - згради на полиција на дел од КП 4899/1 и дел од КП 4899/5, КО Кисела Вода 1, Градска четврт Ј20, Блок 10 од ГУП Скопје 2012, Општина Кисела Вода, Град Скопје, со тех. бр. F0525 од октомври 2025 година, изработен од Агенцијата за планирање на просторот.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| Бр. 57-1617/6<br>10 март 2026 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Северна Македонија,<br>проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |
|---|---|

**925.**

Врз основа на член 39 став (9) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија” бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈАТА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ГИПС НА ГИПС И ГИПСЕНИ ПРЕФАБРИКАТИ „КНАУФ - РАДИКА“ АД ДЕБАР НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ДОЛНО КОСОВРАСТИ“, ОПШТИНА ДЕБАР**

1. На Гипс и гипсени префабрикати „КНАУФ - РАДИКА“ АД Дебар му се продолжува концесијата за експлоатација на минерална суровина – гипс на локалитетот „Долно Косоврасти“, Општина Дебар, со површина на простор на концесија за експлоатација дефинирана со Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гипс на локалитетот „Долно Косоврасти“, Општина Дебар, бр.24-5395/3 од 7.10.2013 година и Анекс на Договорот за концесија бр.24-4547/1 од 22.9.2014 година (во понатамошниот текст: Договорот за концесија) и тоа:

| Точка | Координата Y | Координата X |
|---|---|---|
| Т-1 | 7466332 | 4600000 |
| Т-2 | 7466284 | 4600126 |
| Т-3 | 7466263 | 4600217 |
| Т-4 | 7466270 | 4600448 |
| Т-5 | 7466448 | 4600598 |
| Т-6 | 7466450 | 4600600 |
| Т-7 | 7467450 | 4601000 |
| Т-8 | 7467600 | 4600600 |
| Т-9 | 7466600 | 4600000 |
| Т-10 | 7466580 | 4600077 |

2. Површината на просторот на концесијата за експлоатација од точка 1 од оваа одлука изнесува $P=0.699676\ km^2$.

3. Времетраењето за продолжувањето на концесијата од точка 1 од оваа одлука е за 20 години.

4. Висината на надоместокот за продолжувањето на концесијата од точка 1 од оваа одлука се определува со Анекс на Договорот за концесија во согласност со Тарификот за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

5. Начинот и роковите на плаќање на надоместокот за продолжувањето на концесијата од точка 1 од оваа одлука ќе се определат со Анекс на Договорот за концесија.

6. Како почеток на важење на продолжувањето на концесијата од точка 1 од оваа одлука се смета денот на потпишување на Анекс на Договорот за концесија.

7. Во име на Владата на Република Северна Македонија, Анексот на Договорот за концесија ќе го потпише министерот за енергетика, рударство и минерални суровини.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“

| | |
|---|---|
| Бр. 57-1871/8 | Претседател на Владата |
| 10 март 2026 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |

**926.**

Врз основа на член 41 став (10) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија” бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25) и член 17 став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.153/19, 261/19, 89/22, 65/23, 147/24, 241/24 и 258/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ТЕХНОГЕНИ МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ЛОЈАНЕ“, ОПШТИНА ЛИПКОВО

Член 1

Концесијата за експлоатација на техногени минерални суровини се доделува во функција на експлоатација на минералните суровини и рекултивација на просторот на локалитетот „Лојане“, Општина Липково.

Со оглед на фактот дека правото за експлоатација на техногени минерални суровини се стекнува со доделување на концесија, единствен начин за продолжување на дејноста е да се доделат под концесија техногените минерални суровини определени со оваа одлука.

Член 2

Како основни цели за доделување на концесијата за експлоатација на техногени минерални суровини на локалитетот „Лојане“, Општина Липково е создавање на услови за рамномерно искористување на техногените минерални суровини и создавање услови за нејзина експлоатација и рекултивација на просторот.

Член 3

Предмет на концесијата е експлоатација на техногени минерални суровини на локалитетот „Лојане“, Општина Липково.

Концесијата за експлоатација на техногени минерални суровини на локалитетот „Лојане“, Општина Липково ќе се додели на понудувачот, кој ќе ги исполни условите содржани во тендерската документација и јавниот повик.

Член 4

Постапката за доделување на концесијата за експлоатација на техногени минерални суровини на локалитетот „Лојане“, Општина Липково ќе биде спроведена по пат на јавен повик со електронска аукција во рок од 360 дена од денот на формирање на Комисијата за спроведување на постапката.

Заради спроведување на постапката за доделување на концесија за експлоатација, Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини формира Комисија за спроведување на постапката во рок од 120 дена, од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Комисијата од став 2 од овој член ја подготвува тендерската документација, јавниот повик, вклучувајќи го и нацртот на договорот. Тендерската документација на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, се доставува до Владата на Република Северна Македонија на одобрување.

По одобрување на тендерската документација за доделување на концесија за експлоатација на техногени минерални суровини на локалитетот „Лојане“, Општина Липково, Комисијата од став 2 на овој член во рок од десет дена ќе го објави јавниот повик, согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Член 5

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација ќе изнесува 6.000,00 денари.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 57-1874/9 | Претседател на Владата |
| 10 март 2026 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |

**927.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА МЕЃУРЕСОРСКА ГРУПА ЗА КРЕИРАЊЕ НА МИГРАЦИОНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за формирање на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.109/08, 152/10, 58/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.17/21 и 15/26), членот 2 се менува и гласи:

„Меѓуресорската група за креирање на миграционата политика во Република Северна Македонија е составена од раководител, заменик раководител, членови и заменици членови, кои ги именува Владата на Република Северна Македонија.

Со Меѓуресорската група за креирање на миграционата политика во Република Северна Македонија раководи претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија“.

Член 2

Членот 4 се менува и гласи:

„Меѓуресорската група за креирање на миграционата политика во Република Северна Македонија за својата работа донесува деловник“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-2151/7 Претседател на Владата
10 март 2026 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**928.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРОМЕТ, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ АЛПХАПХАРМ ГРОУП ДОО СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, промет, трговија и услуги АЛПХАПХАРМ ГРОУП ДОО Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 86/24).

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-2180/9 Претседател на Владата
10 март 2026 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**929.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ЦБД МЕДПЛАНТ ДОО С. БОРИСОВО, НОВО СЕЛО

1. Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги ЦБД МЕДПЛАНТ ДОО с.Борисово, Ново Село („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 270/19).

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-2181/8 Претседател на Владата
10 март 2026 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**930.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ЛИФЕ ПЛАНТ ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ, СТРУМИЦА

1. Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Лифе плант ДОО увоз-извоз, Струмица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 270/19).

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-2183/9
10 март 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**931.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ГРЕЕН ЛИФЕ ДОО, С. ЈОСИФОВО, ВАЛАНДОВО**

1. Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги ГРЕЕН ЛИФЕ ДОО, с. Јосифово, Валандово, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 172/18).

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-2184/9
10 март 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**932.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ КАННАБИНОИДС ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ КОЧАНИ**

1. Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги КАННАБИНОИДС ДОО увоз-извоз Кочани, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 156/20).

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-2185/17
10 март 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**933.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 10 март 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ АТА-ФАРМ ГРУП УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги АТА-ФАРМ ГРУП увоз-извоз ДООЕЛ Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 276/21).

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-2186/11
10 март 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**934.**

Врз основа на член 63-а став (13) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ГРАДБИ ОД СТРАТЕШКИ ИНТЕРЕС СО КЛАСА НА НАМЕНА В7.3, НА ДЕЛ ОД КП 635, КО ЦЕНТАР 2, ВО ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј07 ОД ГУП СКОПЈЕ 2012, КО ЦЕНТАР 2, ОПШТИНА ЦЕНТАР, ГРАД СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес со класа на намена В7.3, на дел од КП 635, КО Центар 2, во Градска четврт Ј07

од ГУП Скопје 2012, КО Центар 2, Општина Центар, Град Скопје со тех. бр.F0425 од октомври 2025 година, изработен од Агенцијата за планирање на просторот.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 57-2229/11 | Претседател на Владата |
| 10 март 2026 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |

**935.**

Врз основа на член 30 став (9) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ - ЕНЕРГЕТСКИ КОМПЛЕКС - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НАД 10MW, КО ДУБРОВО, КО ТИМЈАНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО**

Член 1

(1) Со оваа одлука се донесува Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење - енергетски комплекс - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10MW, КО Дуброво, КО Тимјаник, Општина Неготино

(2) Составен дел на оваа одлука е Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење - енергетски комплекс - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10MW, КО Дуброво, КО Тимјаник, Општина Неготино за плански период (2023-2033), изработен од Друштвото за градежништво, трговија и проектирање ПЕРКАН ПРОЕКТ ДООЕЛ Прилеп, со тех. бр. 70/23 од февруари 2026 година, кој е објавен на веб-страницата на Министерството за транспорт.

(3) Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење - енергетски комплекс - градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10MW, КО Дуброво, КО Тимјаник, Општина Неготино, се состои од:

- Графички дел кој содржи графички прилози на планските решенија со нумерички показатели,

- Текстуален дел кој содржи цели на планот, концепт на планот, услови за развој и градење и одредби за спроведување со нумерички податоци и со билансни показатели и

- Составни делови на урбанистички план

А) Графичкиот дел содржи:

- ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1.Насловна страна, графички прилози и заклучни согледувања од Услови за планирање на просторот со тех.бр.00514 од јануари 2014 година со Решение со бр.15-1505/2 од 14.2.2014 година донесено од Министерство за животна средина и просторно планирање.

2. Извод од УПВНМ за изградба на КОМПЛЕКС СО НАМЕНА ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА НА КП 79/8, 79/9, 79/10, 79/11, 79/12, 79/13, 79/14, 79/15, 79/16 и 79/18, м.в.„ЦРВЕН БРЕГ", КО ТИМЈАНИК И НА КП 278/3, 278/5 и 278/6, м.в.„БУНАРЈЕТО“, КО ДУБРОВО - ОПШТИНА НЕГОТИНО, донесен со Одлука бр.08-31/10 од 31.1.2017 година.

3.Услови за планирање на просторот со тех. бр.Y20822 за изградба на енергетски комплекс – градби за производство на електрична енергија од обновливи извори над 10 MW, КО Дуброво, КО Тимјаник, Општина Неготино Решение со бр.УП1-15 1720/2022 од 9.9.2022 година, донесено од Министерство за животна средина и просторно планирање.

4.Извод од Урбанистички план за градби и подрачја од државно значење - Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција

5.Пошироко опкружување......................М = 1: 25 000

6.1.Графички прилог со нанесени плански опфати на предметен урбанистички план од државно значење за енергетски комплекс, донесен урбанистички план вон населено место за лесна индустрија и урбанистички план од државно значење за Интерконективен гасовод Република Северна Македонија - Грција........М = 1: 2500

6.2.Збирен графички прилог.....................М = 1: 2500

7.Ажурирана геодетска подлога со плански опфат....................................................................М = 1: 2500

8.Инвентаризација на изградениот градежен фонд, земјиштето и комуналната инфраструктура..М = 1: 2500

- ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. План на намена на земјиштето и градбите…..................................................................М=1: 1 000

2. Регулационен план……..........................М =1: 1 000

3. План на парцелација....................................................................М =1: 1 000

4. План на површини за градење...............М =1: 1 000

5. Сообраќаен план, нивелациски план и план на зеленило...............................................................М =1: 1 000

6. Инфраструктурен план...........................М =1: 1 000

7. Синтезен план.........................................М =1: 1 000

Б) Текстуалниот дел содржи:

- СОДРЖИНА НА ОПШТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

- ИЗВОД ОД РЕГИСТРАЦИЈАТА НА ФИРМАТА

- ЛИЦЕНЦА НА ФИРМАТА И ОВЛАСТУВАЊА НА ПЛАНЕРОТ И СОРАБОТНИЦИТЕ

- ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ОД ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

- ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ОД ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

- СОДРЖИНА НА ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА:

1. Географски и геодетски податоци за планскиот опфат и за неговите контактни соседни простори

2. Изводи од планови од повисоко ниво на планирање и други податоци што произлегуваат од други развојни документи, планови и стратегии на развој

3. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина

4. Податоци за природните чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето во рамки на планскиот опфат

5. Податоци за создадените чинители кои се релевантни за состојбите во просторот и за просторниот развој

6. Анализа на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план, со анализа на проблеми и состојби во просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат

7. Оценка за можностите и ограничувањата на просторниот развој со програмски проекции што произлегуваат од анализата на состојбите во просторот

- СОДРЖИНА НА ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА:

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период

2. Прецизен опис на границата на планскиот опфат

3. Стратешки определби што поризлегуваат од развојни стратегии, просторни и урбанистички планови од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот зафат и претставуваат обврски за планирање на просторот

4. Цели на урбанистичкиот план

5. Образложение на планскиот концепт за просторниот развој со кој се постигаат целите на планот, со осврти на сите релевантни аспекти и последици од планираните урбанистички решенија и одредби

6. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура

7. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите

8. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите

9. Мерки за заштита на природата, природното наследство и животната средина

В) Составни делови на урбанистичкиот план се:

- РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМА И ПЛАНСКАТА ПРОГРАМА

- ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ ЗА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

- СТРУЧНА РЕВИЗИЈА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

- РЕШЕНИЕ ЗА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ И УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

- ИЗВОДИ ОД ДОНЕСЕНИ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ И ПЛАНОВИ

- ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ И СУБЈЕКТИ СО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА

- МИСЛЕЊА ОД НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ И СУБЈЕКТИ СО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА

- ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ - ЕНЕРГЕТСКИ КОМПЛЕКС - ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НАД 10MW, КО ДУБРОВО, КО ТИМЈАНИК, ОПШТИНА НЕГОТИНО

- МИСЛЕЊЕ ПО ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

- ИЗВЕШТАЈ ОД ОДРЖАНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Г ) НУМЕРИЧКИ ДЕЛ.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 57-2265/5 | Претседател на Владата |
| 10 март 2026 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |

**936.**

Врз основа на член 32 став (1) од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/23, 170/24 и 132/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРЖАВНОТО ЛОВИШТЕ „ПОЛАКИ“**

1. Со ова решение државното ловиште „Полаки“ се дава на управување на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ П.О – Скопје.

2**.** Меѓусебните права и обврски помеѓу Владата на Република Северна Македонија и управувачот од точката 1 од ова решение се утврдуваат со договор.

3. Во име на Владата на Република Северна Македонија, договорот од точката 2 од ова решение ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

4. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за давање на управување на државното ловиште „Полаки“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/16).

5. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 57-829/12 | Претседател на Владата |
| 10 март 2026 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |

**937.**

Врз основа на член 15 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21), а во врска со член 112 од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24 и 160/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2026 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 30/26) во дел I во табелата во точката 2 износот „43.000.000,00“ се заменува со износот „21.744.325,00“.

Во точката 4 износот „13.800.000,00“ се заменува со износот „35.055.675,00“.

II

Во дел III став (1) во воведната реченица износот „43.000.000,00“ се заменува со износот „21.744.325,00“.

Табелата се менува и гласи:

„

| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата и преработката на риби | | |
|---|---|---|---|
| | Мерки | Опис | Средства |
| 2.1. | Финансиска поддршка за инвестиции во аквакултурата | 50% од вредноста на прифатливите трошоци за инвестицијата | 12.000.000,00 |
| 2.2. | Финансиска поддршка за порибителен материјал | 50% од пазарната цена на подмладокот | 3.744.325,00 |
| 2.3. | Финансиска поддршка за инвестиции во преработувачки капацитети | 50% од вредноста на прифатливите трошоци за инвестицијата | 6.000.000,00 |
| | Вкупно | | 21.744.325,00 |

“.

Во став (4) износот „720.000,00“ се заменува со износот „600.000,00“.

Во став (6) по втората реченица, се додава нова реченица, која гласи:

„Финансиската поддршка е наменета за произведен или купен подмладок со тежина од 10-30 грама за ладноводни видови риби и со тежина до 300 грама за топловодни видови риби.“.

III

Во делот V износот „13.800.000,00“ се заменува со износот „35.055.675,00“.

IV

Во дел VII во ставот (2) зборовите „45 дена“ се заменуват со зборовите „180 дена“.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-1912/6
10 март 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**938.**

Врз основа на член 218 став (1) од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21 и 3/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 март 2026 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВОДИТЕ ЗА 2026 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се утврдуваат средствата за извршување на работите согласно член 212 од Законот за водите и тоа за: управување и развој на водните ресурси и надоместување на трошоците за работење на органите на државната управа и органите и организациите кои имаат соодветни надлежности во управувањето со води, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните хидросистеми и хидромелиоративни системи, одржување и заштита на природните езера, одржување на водотеци, изградба и одржување на објекти за регулација на водотеци, заштита од штетните дејства на водите (ерозија и порои) вон населени места, подготовка на планови за одбрана од поплави и замрзнување, планови за заштита од ерозија и порои, подготовка на соодветни планови за заштита од други штетни дејствија на водите вон населените места, контрола на состојбите и собирање и обработка на податоците за резерви на вода и нивно рационално користење, хидрогеолошки и други истражувања, подготвување и организирање на спроведувањето на програмата за мерки за заштита на водите од загадување, мониторинг и утврдување на состојбата со квантитетот и квалитетот на водите и мониторинг на безбедноста на водата за консумирање од страна на човекот, воспоставување и одржување на заштитни зони и изградба и одржување на објекти за заштита на водите од загадување.

II

Средствата за извршување на работите наведени во дел I од оваа програма, кои се утврдени во членовите 206, 213, 214 и 215 од Законот за водите ќе се остварат од следните извори:

| | ИЗВОРНИ ПРИХОДИ |
|---|---|
| 1. | Надоместок за користење на води од: |
| 1.1 | Правни лица кои произведуваат електрична енергија од хидроелектрични централи за секој произведен киловат час - 1% од производната цена |
| 1.2 | Правни лица кои произведуваат електрична енергија од термоелектрични централи за секој произведен киловат час - 0,5% од производната цена |
| 1.3 | Правни лица кои користат вода од јавен или сопствен водоснабдителен систем, за консумирање, за секој употребен или искористен метар кубен искористена вода - 2% од утврдената цена од давателот на услугата |
| 1.4 | Правни и физички лица, кои користат вода од јавен или сопствен водоснабдителен систем, за комерцијални цели (флаширање на вода) - 0,5% од продажната цена на производот |
| 1.5 | Правни и физички лица, кои користат вода за производство на храна, пијалоци и технолошки потреби - 2% од цената на метар кубен искористена вода во јавниот водоснабдителен систем |
| 1.6 | Правни и физички лица кои користат вода од јавен или сопствен водоснабдителен систем на геотермални води - 7 денари од утврдената цена за метар кубен искористена вода |
| 1.7 | Правни и физички лица, кои користат вода за одгледување на риби, во рибници и во кафези и водни птици- 3% од продажна цена на килограм риба, односно птици |
| 1.8 | Правни и физички лица кои користат вода за наводнување - 2% од утврдена цена на метар кубен за хектар земјиште |
| 1.9 | Правни и физички лица кои користат вода за одводнување -1% од утврдена цена на метар кубен од давателот на услугата |
| 1.10 | Правни и физички лица кои користат вода за миење и сепарирање на песок, чакал и камен - 2% од цената на метар кубен сепариран материјал |
| 2. | Надоместок за испуштање на води од: |
| 2.1 | Правни и физички лица кои испуштаат непречистени отпадни води и води со променливи својства и отпадни материи и супстанции во реципиентите, а немаат уреди за прочистување - 1% од утврдената цена за собирање и третман на отпадни води |
| 3. | Надоместок за вадење песок, чакал и камен од: |
| 3.1 | Правни и физички лица кои со дозвола вадат песок, чакал и камен од коритата и бреговите на водотеците, езерата, акумулациите, пороите и другите површински водни тела и површините кои во Катастарот на недвижности се заведени „под води" - 7% од цената на метар кубен изваден песок, чакал и камен |
| 4. | Закупнина од земјиштето во сопственост на државата дадено под закуп, а коешто во Катастарот на недвижности е заведено под „води" |
| 5. | Буџетот на Република Северна Македонија |
| 6. | Буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје |
| 7. | Други финансиски извори во согласност со закон |

III

Вкупно планираните средства во оваа програма ќе се распределуваат според одредените проценти по намени согласно член 212 ставови (2), (5) и (6) од Законот за водите и тоа за:

| | **Намена** | % | **Планирани средства во (денари)** |
|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на нови, одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти | 19.8 | 30.000.000,00 |
| 2. | Регулација и уредување на водотеци заради заштита од штетно дејство на вода | 36.2 | 55.000.000,00 |
| 3. | Изработка на студии и научно-истражувачки работи во обласа на управувањето со водите - Елаборати за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на браните со придружните објекти и акумулациите и за стабилноста на теренот околу браните, придруж- | 3.03 | 4.600.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ните објекти и акумулациите со оскултациони податоци од 2024 година за 16 акумулации и изработка на извештаи од извршени геодетски оскултации за 16 акумулации во 2025 година | | |
| 4. | Одржување и унапредување на постојни хидросистеми и хидромелиоративни системи - Санација со надзор на брана Ратево, општина Берово | 25.3 | 38.450.000,00 |
| 5. | Неизмирени обврски од Програмата за управување со водите за 2025 година | 15.6 | 23.762.000,00 |
| 6. | Трошоци за спроведување на оваа програма | 0,07 | 100.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **100** | **151.912.000,0** |

Средствата од ставот 1 на овој дел се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.253/25), Раздел 12101, Сметка 631, Потпрограма 23, Ставки 482 и 488 и Потпрограма С1, Ставка 420.

IV

Средствата од дел III точка 1 од оваа програма во износ од 30.000.000,00 денари, ќе се користат врз основа на доставени барања за финансирања на намената „Изградба на нови, одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти".

Барањето од став 1 на овој дел може да го поднесат единиците на локална самоуправа и јавните комунални претпријатија, најдоцна до 14 април 2026 година.

Кон барањето треба да бидат доставени следните документи:

- важечка дозвола за користење на вода или доказ за започната постапка за продолжување на издадената дозвола пред крајниот рок за аплицирање или важечки договор за водоснабување склучен со субјект надлежен за водоснабдување (АД Водостопанство на РСМ-Скопје и Јавни претпријатија) и
- основниот проект врз основа на кој е издадена дозволата, изработен од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работи.

Средствата од дел III точка 2 од оваа програма во износ од 55.000.000,00 денари, ќе се користат врз основа на доставени барања за финансирање на намената „Регулација и уредување на водотеци заради заштита од штетно дејство на вода".

Барањето од став 4 на овој дел може да го поднесат единиците на локална самоуправа и водостопанствата надлежни за реализација на овие проекти, најдоцна до 14 април 2026 година.

Кон барањето од ставот 4 на овој дел треба да бидат доставени следните документи:

- водостопанска согласност или дозвола;
- ревидиран основен проект врз основа на кој е издадена водостопанската согласност или дозвола, изработен од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работи и
- предмер - пресметка не постара од 12 месеци за ревидираниот основен проект од алинеја 2 на овој став за регулација и уредување на водотеци заради заштита од штетно дејство на вода, изработена од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работи.

Средствата од дел III точка 3 од оваа програма во износ од 4.600.000,00 денари, ќе се користат за намената „Изработка на студии и научно-истражувачки работи во областа на управувањето со водите - Елаборати за анализа и оцена на стабилноста и функционалноста на браните со придружните објекти и акумулациите и за стабилноста на теренот околу браните, придружните објекти и акумулациите со оскултациони податоци од 2024 година за 16 акумулации и изработка на извештаи од извршени геодетски оскултации за 16 акумулации во 2025 година" врз основа на спроведена постапка за јавна набавка од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно одредбите од Законот за јавните набавки (*).

Средствата од дел III точка 4 од оваа програма во износ од 38.450.000,00 денари, ќе се користат за намената „Одржување и унапредување на постојни хидросистеми и хидромелиоративни системи - Санација со надзор на брана Ратево, Општина Берово" врз основа на спроведена постапка за јавна набавка од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно одредбите од Законот за јавните набавки (*).

Средствата од дел III точка 5 од оваа програма во износ од 23.762.000,00 денари, ќе се користат за неизмирени обврски од Програмата за управување со водите за 2025 година од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Средствата од дел III точка 6 од оваа програма во износ од 100.000,00 денари, ќе се користат како трошоци за спроведување на оваа програма.

V

Средствата од дел III точка 1 од оваа програма, се распределуваат врз основа на следните критериуми:

А) Подрачје во кое се наоѓа системот:
- урбана средина - 5 бода,
- рурална средина - 10 бода,

Б) Досегашен начин на водоснабдување на населението:
- од водоводна мрежа - 5 бода,
- од јавна чешма - 15 бода,
- од бунари - 10 бода,
- останато - 10 бода,

В) Финансиско учество на единиците на локалната самоуправа и јавните комунални претпријатија во изградбата на системот за водоснабдување:
- < 25% - 10 бода,
- 25-50% - 20 бода и
- >50% - 30 бода.

Средствата од дел III точка 2 од оваа програма, се распределуваат врз основа на следните критериуми:

А) Подрачје во кое се наоѓа водотекот:
- урбана средина - 5 бода,
- рурална средина - 10 бода,

Б) Ризик од поплави:
- евидентирани поплави во последните три години - 20 бода,
- евидентирани поплави пред повеќе од три години - 15 бода,

В) Финансиско учество при реализација на проектите за регулација и уредување:
- <25% - 10 бода и
- 25-50% - 20 бода.

Средствата од дел III точка 3 и 4 од оваа програма, се распределуваат по спроведена постапка за јавна набавка од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање согласно Законот за јавните набавки (*).

VI

Средствата од дел III точки 1 и 2 од оваа програма, ќе се користат врз основа на претходно склучен договор за доделување на средства, по спроведена постапка за јавна набавка и уредна исплатна документација.

VII

За реализација на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-1287/13
10 март 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**939.**

Врз основа на член 54 став (1) точка 1) потточка 1.20 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 8 став (2) од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/20, 133/20, 49/22, 54/22, 64/22, 125/22, 218/25 и 48/26) и Одлуката за определување на ескалираната густина $\rho e$ и деескалираната густина $\rho d$ на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висината на надоместокот P за премија, транспортните трошоци T до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 237/25), Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 16.3.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин – ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 86,50 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 88,50 (денари/литар) |
| - Дизел гориво – ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 92,00 (денари/литар) |
| - Масло за горење – Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 89,50 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 47,453 (денари/килограм) |

(2) Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките цени утврдени во став (1) од овој член.

(3) Највисоките малопродажни цени формирани согласно со став (1) на овој член, освен цената за Мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на Мазутот М-1 НС важи франко склад на трговец на големо со нафтени деривати и горива за транспорт во земјата.

(4) Во највисоките малопродажни цени формирани согласно со овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот за данокот за додадена вредност.

Член 2

(1) Во највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржани се и највисоките набавни цени, коишто изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин – ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 41,947 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 43,646 (денари/литар) |
| - Дизел гориво – ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 54,038 (денари/литар) |
| - Масло за горење – Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 51,945 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 36,324 (денари/килограм) |

Член 3

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржан е надоместок за трошоци за работење преку склад и трговска маржа, којшто за Еуросупер БС-95 е во износ од 7,388 денари/литар, за Еуросупер БС-98 е во износ од 7,384 денари/литар, за Еуродизел БС (Д-Е V) е во износ од 7,098 денари/литар и за Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) е во износ од 7,062 денари/литар, додека за Мазутот М-1 НС надоместокот е во износ од 3,000 денар/килограм.

Член 4

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, со исклучок за Мазутот М-1 НС, содржан е надоместокот за транспортни трошоци од склад до бензински станици во износ од 1,00 денари/литар за сите нафтени деривати.

Член 5

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина што согласно член 184 став (1) од Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин – ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 0,080 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 0,080 (денари/литар) |
| - Дизел гориво – ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 0,030 (денари/литар) |
| - Масло за горење – Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 0,040 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 0,050 (денари/килограм) |

Член 6

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви, што согласно член 32 став (1) од Законот за задолжителни нафтени резерви го плаќаат производителите на нафтени деривати и увозниците на нафтени деривати:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин – ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 0,890 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 0,890 (денари/литар) |
| - Дизел гориво – ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 0,300 (денари/литар) |
| - Масло за горење – Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 0,300 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 0,740 (денари/килограм) |

Член 7

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука акцизите што ги плаќаат обврзниците согласно прописите за акцизи, изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин – ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 22,00 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 22,00 (денари/литар) |
| - Дизел гориво – ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 15,50 (денари/литар) |
| - Масло за горење – Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 15,50 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 0,100 (денари/килограм) |

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, се објавува во „"Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб-страницата на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а ќе отпочне да се применува од 00:01 часот на 17.3.2026 година.

Бр. 02-407/1
16 март 2026 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Заменик претседател,
**Лирим Сулејмани,** с.р.

---

Në bazë të nenit 54, paragrafi (1), pika 1), nënpika 1.20 të Ligjit të Energjetikës* ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 101/25 dhe 135/25), nenit 8 paragrafi (2) të Rregullores së Formimit të Çmimeve më të Larta të Shitjes me Pakicë të Derivateve të Ndryshme të Naftës dhe të Karburanteve për Transport ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 108/ 20, 133/20, 49/22, 54/22, 64/22, 125/22, 218/25 dhe 48/26) dhe Vendimit për Përcaktimin e Dendësisë së Përshkallëzuar $\rho e$ dhe Dendësisë së Pashkallëzuar $\rho d$ të Secilit Derivat të Naftës dhe të Lëndës Djegëse të Transportit, Shumës së Kompensimit P për Premi, Shpenzimeve të Transportit T deri te Depozita e Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Shumës së Kompensimit D për Shpenzimet për Punën Përmes Depozitës dhe Marzhës Tregtare me Shpenzime të Përfshira të Transportit nga Depozita deri te Pikat e Karburantit dhe te Konsumatorët e Fundëm ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 237/25), Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 16.3.2026, solli këtë

**V E N D I M**
**PËR PËRCAKTIMIN E ÇMIMEVE MË TË LARTA TË SHITJES ME PAKICË TË DERIVATEVE TË NAFTËS DHE TË LËNDËVE DJEGËSE TË TRANSPORTIT**

Neni 1

(1) Çmimet më të larta të shitjes me pakicë të derivateve të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit janë:

| | | |
|---|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 95 | - | 86,50 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | - | 88,50 (denarë/litër) |
| - Naftë motori - EURODIZEL BS (D-E V) | - | 92,00 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie - EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | - | 89,50 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | - | 47,453 (denarë/kilogram) |

(2) Tregtarët me shumicë dhe pakicë të derivateve të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit, mund të formulojnë çmime edhe më të ulëta të derivateve të ndryshme të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit, nga çmimet më të larta të përcaktuara sipas paragrafit (1) të këtij neni.

(3) Çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të formuara në përputhje me paragrafin (1) të këtij neni, përveç çmimit të Mazutit M-1 SU, vlejnë për franko stacion të pompimit, ndërsa çmimi i Mazutit M-1 SU vlen për franko depozitë të tregtarit me shumicë me derivate të naftës dhe lëndë djegëse të transportit në vend.

(4) Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të formuluara sipas këtij neni, përfshihet edhe tatimi i vlerës së shtuar sipas Ligjit të Tatimit të Vlerës së Shtuar.

Neni 2

(1) Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë të derivateve të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, janë përfshirë edhe çmimet më të larta të blerjes, të cilat arrijnë vlerën prej:

| | | |
|---|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 95 | - | 41,947 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | - | 43,646 (denarë/litër) |
| - Naftë motori - EURODIZEL BS (D-E V) | - | 54,038 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie - EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | - | 51,945 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | - | 36,324 (denarë/kilogram) |

Neni 3

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara në nenin 1 të këtij vendimi, përfshihet edhe kompensimi për shpenzime për punën përmes depozitës dhe marzhës tregtare,e cila për Eurosuperin BS-95 është 7,388 denarë/litër, për Eurosuperin BS-98 është 7,384 denarë/litër, për Eurodizelin BS (D-E V) është 7,098 denarë/litër dhe për Vajin Ekstra të Lehtë 1 (EL-1) është 7,062 denarë/litër, ndërsa për Mazutin M-1 SU kompensimi është 3,000 denarë/kilogram.

Neni 4

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara në nenin 1 të këtij vendimi, me përjashtim të Mazutit M-1 SU, përfshihet edhe kompensimi për shpenzime të transportit nga depozita deri te pikat e karburantit në shumë prej 1,00 denarë/litër për të gjitha derivatet e naftës.

Neni 5

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, është i përfshirë edhe kompensimi për financimin e aktiviteteve nga fusha e mjedisit jetësor, që sipas nenit 184, paragrafi (1), të Ligjit të Mjedisit Jetësor, e paguajnë tatimpaguesit e përcaktuar me këtë ligj:

| | | |
|---|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 95 | - | 0,080 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | - | 0,080 (denarë/litër) |
| - Naftë motori - EURODIZEL BS (D-E V) | - | 0,030 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie - EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | - | 0,040 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | - | 0,050 (denarë/kilogram) |

Neni 6

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, është përfshirë edhe kompensimi për rezervat e detyrueshme, të cilin në pajtueshmëri me nenin 32, paragrafi (1) të Ligjit të Rezervave të Detyrueshme të Naftës dhe të Derivateve të Naftës, e paguajnë prodhuesit e derivateve të naftës dhe importuesit e derivateve të naftës:

| | | |
|---|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 95 | - | 0,890 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | - | 0,890 (denarë/litër) |
| - Naftë motori - EURODIZEL BS (D-E V) | - | 0,300 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie - EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | - | 0,300 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | - | 0,740 (denarë/kilogram) |

Neni 7

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, akcizat që i paguajnë tatimpaguesit në pajtueshmëri me rregullat e akcizave kanë këto vlera:

| | | |
|---|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 95 | - | 22,00 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | - | 22,00 (denarë/litër) |
| - Naftë motori - EURODIZEL BS (D-E V) | - | 15,50 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie - EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | - | 15,50 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | - | 0,100 (denarë/kilogram) |

Neni 8

Ky vendim hyn në fuqi në ditën e sjelljes së tij, botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe publikohet në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe do të zbatohet nga ora 00:01 datë 17.3.2026.

Nr. 02-407/1
16.3.2026
Shkup

Komisioni Rregullator i Energjetikës,
Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve
të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale
të Republikës së Maqedonisë së Veriut
Zëvendëskryetari,
**Lirim Sulejmani,** d.v.

---

**940.**

Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25) и член 31 став (1) точка 1) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20, 44/21, 240/24, 109/25 и 115/25), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 март 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.213/25).

2. Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.213/25), престанува да важи по основ на барање на носителот на лиценцата, Друштвото за трговија и услуги ХАНСЕАТИК ЦЕНТРАЛ ЕУРОПЕ ДООЕЛ Скопје.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП 1 бр. 12-81/26
12 март 2026 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Заменик претседател,
**Лирим Сулејмани,** с.р.

---

Në bazë të nenit 54 paragrafi (1) pika 1.21 të Ligjit të Energjetikës* ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 101/25 dhe 135/25) dhe nenit 31 paragrafi (1), pika 1) të Rregullores së Licencave („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20, 44/21, 240/24, 109/25 dhe 115/25), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 12 mars 2026, solli këtë

**V E N D I M**
**PËR NDËRPRERJEN E VLEFSHMËRISË SË VENDIMIT PËR DHËNIEN E LICENCËS PËR USHTRIMIN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE TË TREGTISË ME ENERGJI ELEKTRIKE**

1. Me këtë vendim nuk vlen më Vendimi për Dhënien e Licencës për Ushtrimin e Veprimtarisë Energjetike të Tregtisë me Energji Elektrike ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.213/25).

2. Vendimi për Dhënien e Licencës për Ushtrimin e Veprimtarisë Energjetike të Tregtisë me Energji Elektrike ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.213/25), nuk vlen më bazuar në kërkesën e bartësit të licencës, Shoqërisë së Tregtisë dhe të Shërbimeve HANSEATIK CENTRAL EUROPE SHPKNJP Shkup.

3. Ky vendim hyn në fuqi në ditën e sjelljes së tij dhe publikohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe publikohet në faqen zyrtare të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

PA1 nr. 12-81/26
12 mars 2026
Shkup

Komisioni Rregullator i Energjetikës,
Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të
të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale
të Republikës së Maqedonisë së Veriut
Zëvendëskryetari,
**Lirim Sulejmani,** d.v.

---

**941.**

Врз основа на член 191, став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), и во врска со член 313 и 316 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/125 и 135/25) како и член 10 ставови (6) и (8) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.116/19, 93/21 и 111/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 март 2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. Со ова решение важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08 - 19/13 („Службен весник на Република Македонија" бр.68/13, 38/14, 9/15, 67/16, 58/17, 150/17, 69/18 и 73/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 107/23, 117/25, 182/25 и 220/25), на Друштвото за производство на електрична енергија ЕКО ТЕРА ДОО Скопје за хидроелектроцентралата „МХЕЦ ЗРНОВСКА РЕКА" со реф.бр. 351, се продолжува до 17 мај 2026 година согласно Анекс на

Договор за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со бр.12-4075/1 од 09 септември 2022 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија претставувана од Сања Божиновска, Министер за енергетика, рударство и минерални суровини со бр.14-4691/5 од 31 декември 2025 година со кој е продолжен рокот за започнување со комерцијална работа на објектот.

2. Ова решение се доставува до Друштвото за производство на електрична енергија ЕКО ТЕРА ДОО Скопје, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за животна средина и просторно планирање, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

УП 1 бр. 08-19/13
12 март 2026 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Заменик претседател,
**Лирим Сулејмани,** с.р.

---

Në bazë të nenit 191, paragrafi (5) të Ligjit të Energjetikës* („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.96/18 dhe „Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.96/19, 236/22, 134/24 dhe 147/24) dhe në lidhje me nenin 313 dhe 316 të Ligjit të Energjetikës* („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.101/25 dhe 135/25), nenit 10 paragrafët (6) dhe (8) të Rregullores së Prodhuesve të Privilegjuar që Përdorin Tarifë të Privilegjuar („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.116/19, 93/21 dhe 111/23), Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 12 mars 2026, solli këtë

## A K T V E N D I M
## PËR VAZHDIMIN E AKTVENDIMIT PËR MARRJEN E STATUSIT TË PËKOHSHËM TË PRODHUESIT TË PRIVILEGJUAR TË ENERGJISË ELEKTRIKE TË PRODHUAR NGA BURIMET E RINOVUESHME TË ENERGJISË

1. Me këtë aktvendim, afati i Aktvendimit për Marrjen e Statusit të Përkohshëm të Prodhuesit Preferencial të Energjisë Elektrike të Prodhuar nga Burimet e Rinovueshme të Energjisë PA1 nr.08 - 19/13 („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.68/13, 38/14, 9/15, 67/16, 58/17, 150/17, 69/18 dhe 73/18 dhe „Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 107/ 23, 117/25, 182/25 dhe 220/25), i dhënë për Shoqërinë e Prodhimit të Energjisë Elektrike EKO TERA SHPK Shkup për hidrocentralin elektrik HCEV "ZRNOVSKA REKA" me nr. ref. 351, vazhdohet deri më 17 maj 2026, në përputhje me Aneksin e Marrëveshjes së Koncesionit të ujit për ndërtimin e hidrocentraleve elektrike të vogla për prodhimin e energjisë elektrike me nr. 12-4075/1 datë 9 shtator 2022, të lidhur mes Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut të përfaqësuar nga Sanja Bozhinovska, Ministër i Energjetikës, i Minierave dhe i Burimeve Minerale me nr. 14-4691/5 datë 31 dhjetor 2025, me të cilin vazhdohet afati pë nisjen e punës komerciale të objektit.

2. Ky aktvendim i dërgohet Shoqërisë së Prodhimit të Energjisë Elektrike EKO TERA SHPK Shkup, Ministrisë së Energjisë, Minierave dhe Burimeve Minerale, Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe të Planifikimit Hapësinor, Operatorit të Tregut të Energjisë Elektrike dhe Operatorit të Sistemit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike.

3. Ky aktvendim hyn në fuqi në ditën e sjelljes së tij dhe botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe publikohet në faqen zyrtare të Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

PA1 nr. 08-19/13
12 mars 2026
Shkup

Komisioni Rregullator i Energjetikës, Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut
Zëvendëskryetari,
**Lirim Sulejmani,** d.v.

---

**942.**

Врз основа на член 191, став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), и во врска со член 313 и 316 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25 и 135/25) како и член 10 ставови (6) и (8) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.116/19, 93/21 и 111/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 март 2026 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

1. Со ова решение важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител УП1 бр.08 - 779/24 („Службен весник на Република Северна Македонија" 11/25), на Друштвото за производство на електрична енергија ДРИМ ХИДРО ДОО Скопје за хидроелектроцентрала МХЕЦ „ЕЛЕВСКА", се продолжува до 11 февруари 2027 година согласно Анекс бр.2 на Договор за концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи со бр.15-4525/1 од 13 септември 2021 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија

претставувана од Муамед Хоџа, Министер за животна средина и просторно планирање со бр.11-714/2 од 03 март 2026 година и Друштвото за производство на електрична енергија ДРИМ ХИДРО ДОО Скопје со бр.05-42 од 03 март 2026 година со кој е продолжен рокот за започнување со комерцијална работа на објектот.

2. Ова решение се доставува до Друштвото за производство на електрична енергија ДРИМ ХИДРО ДОО Скопје, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за животна средина и просторно планирање, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

УП 1 бр. 08-779/24
12 март 2026 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Заменик претседател,
**Лирим Сулејмани,** с.р.

---

Në bazë të nenit 191, paragrafi (5) të Ligjit të Energjetikës* („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr.96/18 dhe „Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr.96/19, 236/22, 134/24 dhe 147/24) dhe në lidhje me nenin 313 dhe 316 të Ligjit të Energjetikës* („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr.101/25 dhe 135/25), nenit 10 paragrafët (6) dhe (8) të Rregullores së Prodhuesve të Privilegjuar që Përdorin Tarifë të Privilegjuar („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr.116/19, 93/21 dhe 111/23), Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 12 mars 2026, solli këtë

**A K T V E N D I M**
**PËR VAZHDIMIN E AKTVENDIMIT PËR MARRJEN E STATUSIT TË PËKOHSHËM TË PRODHUESIT TË PRIVILEGJUAR TË ENERGJISË ELEKTRIKE TË PRODHUAR NGA BURIMET E RINOVUESHME TË ENERGJISË**

1. Me këtë aktvendim, afati i Aktvendimit për marrjen e statusit të përkohshëm të prodhuesit të privilegjuar PA1 nr.08 - 779/24 („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ 11/25), i dhënë për Shoqërinë e Prodhimit të Energjisë Elektrike DRIM HIDRO SHPK Shkup, për hidrocentralin elektrik HCEV "ELEVSKA", vazhdohet deri më 11 shkurt 2027, në përputhje me Aneksin nr.2 të Marrëveshjes së Koncesionit të Ujit për prodhimin e energjisë elektrike nga hidrocentralet elektrike të vogla me nr.15-4525/1 datë 13 shtator 2021, të lidhur mes Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, të përfaqësuar nga Muamed Hoxha, Ministër i Mjedisit Jetësor dhe i Planifikimit Hapësinor me nr.11-714/2 datë 3 mars 2026 dhe Shoqërisë së Prodhimit të Energjisë Elektrike DRIM HIDRO SHPK Shkup me nr.05-42 datë 3 mars 2026, me të cilin vazhdohet afati për nisjen e punës komerciale të objektit.

2. Ky aktvendim i dërgohet Shoqërisë së Prodhimit të Energjisë Elektrike DRIM HIDRO SHPK Shkup, Ministrisë së Energjisë, Minierave dhe Burimeve Minerale, Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe të Planifikimit Hapësinor, Operatorit të Tregut të Energjisë Elektrike dhe Operatorit të Sistemit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike.

3. Ky aktvendim hyn në fuqi në ditën e sjelljes së tij dhe botohet në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut” dhe publikohet në faqen zyrtare të Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

PA1 nr. 08-779/24
12 mars 2026
Shkup

Komisioni Rregullator i Energjetikës, Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut
Zëvendëskryetari,
**Lirim Sulejmani,** d.v.

## ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

**943.**

Врз основа на член 30 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“, бр. 79/09), член 50 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка бр. 09-1637 од 10.12.2025 („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 24/25), Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка бр. 09-186 од 28.1.2026 („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 1/26) и член 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21), Одлуката за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка бр. 08-1838/4 од 15.12.2025 („Службен гласник на Општина Богданци“ бр. 22/25), Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка бр. 08-191/2 од 29.1.2026 („Службен гласник на Општина Богданци“ бр. 1/26) и член 41 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Богданци („Сл.гласник на Општина Богданци“ бр. 4/05, 4/11, 4/15, 9/19, 2/20 и 11/21), (градоначалникот на Општина Гевгелија и градоначалникот на Општина Богданци на 5.3.2026 година, склучија

**Д О Г О В О Р**
**ЗА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА**

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

1. Општина Гевгелија, ул .„Димитар Влахов" бр.4 претставувана од градоначалникот Андон Сарамандов од една страна и,

2. Општина Богданци, ул.„Маршал Тито“ бр. 62, Богданци 1484, претставувана од градоначалникот Блаже Шапов од друга страна.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу двете договорни општини, согласно член 14 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), и член 9 став 2 алинеја 1 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл. весник на РМ“ бр. 79/09) здружување на финансиски, материјални и други средства.

За воспоставувањето на меѓуопштинската соработка на договорните страни Советите на двете општини донесоа Одлуки со кои се уреди потребата од МОС преку здружување на финансиски, материјални и други средства од страна на Општината Гевгелија и Општина Богданци.

Член 2

Со овој договор се уредува видот и висината на средствата коишто се здружуваат, намената на средствата коишто се здружуваат, начинот на располагање и управување со средствата, условите и постапката за престанок на договорот и други прашања од значење за воспоставената соработка.

Член 3

1. Во првата година од соработката, здружените средства ќе се обезбедат од страна на:

- УНДП проектот „Меѓуопштинска соработка за безбедни граници “ во износ од 2.060.480,25 денари,

- Општина Гевгелија во износ од 278.972,40 денари, како и

- Општина Богданци во износ од 188.957,85 денари.

2. Во понатамошниот период од соработката, средствата ќе се обезбедат врз основа на годишните програми за Заштита и спасување, против пожарна заштита и справување со кризи од страна на двете општини, согласно кои програми за 2026 година од оваа област се планирани во:

- Општина Гевгелија во износ од 300.000,00 денари, како и

- Општина Богданци во износ од 340.000,00 денари.

3. Средствата од страна на Општина Гевгелија и Општина Богданци ќе се обезбедат од буџетите на општините, проекти финансиски поддржани од страна на меѓународни и национални донатори, грантови, донации и други извори на финансирање предвидени со закон.

Член 4

Износот на средствата од член 3 од овој Договор, општините ги здружуваат со намена за спроведување на надлежностите на општините, утврдени во член 22 од Законот за локалната самоуправа, точка 10. Спроведување на Подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив; и точка 11. Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици.

Член 5

Реализираните придобивки од здружените средства се распределуваат меѓу договорните страни сразмерно на нивното финансиско и материјално учество во проектот.

Општина Гевгелија ги остварува придобивките преку набавка на заштитна опрема за урбани пожари, изработка на веб-страна и организација на завршен настан со медиумска покриеност.

Општина Богданци ги остварува придобивките преку набавка на заштитна опрема за шумски пожари, опрема за интервенција и покривање на патни трошоци за обучувачи.

Договорните страни се согласуваат дека сите придобивки стекнати преку реализацијата на проектот се користат за унапредување на системот за заштита и спасување на територијата на двете општини.

Ризикот поврзан со реализацијата на проектот се распределува меѓу договорните страни сразмерно на нивното учество во здружените средства.

Во случај на непредвидени околности, договорните страни заеднички одлучуваат за понатамошните мерки.

Член 6

Измени и дополнувања на одредбите од овој Договор за прашања кои не се предвидени со овој Договор, а може дополнително да произлезат од тековното работење, ќе се уредат со Измени на овој Договор.

Член 7

Овој договор може да се раскине по слободна волја на една од договорните страни, по претходно известување на една од страните во рок од 30 дена.

За евентуално непочитување на одредбите од овој Договор, договорните страни се согласија да ги решаваат спогодбено со меѓусебно договарање, во духот на добрите деловни обичаи.

Во случај на спор по овој Договор, настанат помеѓу договорните страни, доколку спорот не се разреши меѓусебно, месно надлежен е Основниот суд во Гевгелија.

Член 8

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за договорните страни.

| | |
|---|---|
| Бр. 03-447/1 | Бр. 09-406/4 |
| 6 март 2026 година | 6 март 2026 година |
| Гевгелија | Богданци |
| Општина Гевгелија | Општина Богданци |
| Градоначалник, | Градоначалник, |
| **Андон Сарамандов**, с.р. | **Блаже Шапов**, с.р. |

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: **ЈП Службен весник на Република Северна Македонија**, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29, поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Катерина Михајлова
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2026 година изнесува 41.950 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница Серафимовски ДОО Скопје.
ISSN 0354-1622

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 55** **16 март 2026, понеделник** **година LXXXII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


# О Г Л А С И

## СОДРЖИНА


| | Стр. |
|---|---|
| Судски огласи................................................ | 1 |
| Стечајни постапки........................................ | 2 |
| Нотарски огласи........................................... | 9 |
| Јавни објави на извршители........................ | 14 |
| Неважечки документи.................................. | 15 |
| Огласи............................................................ | 17 |
| Јавни набавки................................................ | 18 |


## СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН СУД ВО БИТОЛА

Основниот суд во Битола со судијата Петар Чаловски, постапувајќи по тужбата на тужителот Зоран Здравковски од Битола, против тужениот Ненад Шмон од Битола, со основ раскинување на договор, вредност 40 000 денари, на ден 9.3.2026 година, го донесе следното

РЕШЕНИЕ

Во постапката П4-55/25 која се води пред Основниот суд во Битола по тужбата на тужителот Зоран Здравковски од Битола, против тужениот Ненад Шмон од Битола, сега со непозната адреса на живеалиште, согласно со чл. 76, ст. 2, т. 4 од ЗПП, се назначува привремен застапник за тужениот, адвокатот Владимир Петличковски од Битола.

Привремениот застапник ќе го застапува Ненад Шмон од Битола, во оваа постапка сè додека тој или неговиот полномошник не се појават пред судот, односно сè додека Центарот за социјална работа не го извести судот дека му поставил старател.

Примерок од тужбата со прилози да се достави до назначениот привремен застапник на одговор.

Трошоците за назначениот привремен застапник паѓаат на товар на тужителот.

Се задолжува тужителот Зоран Здравковски од Битола, да уплати износ од 320 денари на сметка на „Службен весник на РСМ“, заради објава на оглас од ова решение, во рок од 15 дена од приемот на решението и уплатницата во оргинал да ја достави до судот.

Судот издаде оглас што ќе се објави во „Службен весник на РСМ“ и преку огласната табла на судот.

Од Основен суд – Битола, П4-55/25. (12540)

---

Основниот суд во Битола со судијата Петар Чаловски, постапувајќи по тужбата на тужителот Димитар Лазаревски од Дрмени, против тужената Ерсида Ѓетани, со основ развод на брак, вредност 20.000, на ден 9.3.2026 година, го донесе следното

РЕШЕНИЕ

Во постапката П2-199/25 која се води пред Основниот суд во Битола по тужбата на тужителот Димитар Лазаревски од Дрмени, Ресен, против тужената Ерсида Ѓетани од Албанија, со непозната адреса на живеалиште, согласно со чл. 76, ст. 2, т. 4 од ЗПП, се назначува привремен застапник на тужената Ерсида Ѓетани од Албанија, адвокатот Мери Чукалеска од Битола.

Привремениот застапник ќе ја застапува тужената Ерсида Ѓетано во оваа постапка сè додека таа или нејзиниот полномошник не се појават пред судот, односно сè додека Центарот за социјална работа не го извести судот дека ѝ поставил старател.

Трошоците за назначениот привремен застапник паѓаат на товар на тужителот.

Се задолжува тужителот Димитар Лазаревски од Дрмени, Ресен да уплати износ од 320 денари на сметка на „Службен весник на РСМ“, заради објава на оглас од ова решение, во рок од 15 дена од приемот на решението, и уплатниците во оргинал да ја достави до судот.

Судот издаде оглас што ќе се објави во „Службен весник на РСМ“ и преку огласната табла на судот.

Од Основен суд – Битола, П2-199/25. (12541)

ОСНОВЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред Основниот суд во Куманово е поднесена тужбата од тужителот Есат Сејдији од Куманово, ул. „Тоде Мендол“ бр. 93 против тужените Насер Сејдији, ул. „Тоде Мендол“ бр. 93 и Неџмедин Сејдиу од Куманово, ул. „Карл Маркс“ бр. 41, за утврдување на оставина, со вредност на спорот 40 000 денари.

## Огласи

Бидејќи второтужениот Неџмедин Сејдиу од Куманово е со престој, надвор од државата, со непозната адреса во странство, судот по службена должност, му постави привремен застапник од редот на адвокатите на второтужениот Неџмедин Сејдиу од Куманово, Томо Ѓорѓевиќ, адвокат од Куманово, ул. „11 Октомври“ бр. 4, локал 8, сè до стапувањето на тужениот во оваа парница, а доколку тој не стапи за времетраењето на парницата, тогаш сè до нејзиното правосилно завршување, согласно со член 76 став 1 став 2 точка 5, в. в. член 77 и член 78 од Законот за парничната постапка.

Од Основен суд – Куманово, Х. П1. бр. 5/26.

(12538)

ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред Основниот суд во Тетово, се води спор, за развод на брак, по тужбата на тужителот Арбнор Селими од Ново Село, против тужената Албина Муслиу од Косовска Митровица, а сега со непозната адреса во Р Германија, со основ развод на брак, вредност 20 000 денари.

Се повикува тужената Албина Мусоиу од Косовска Митровица, нас. Шиполе, ул. „Емин Дураку“ б. б., Р Косово, сега со непозната адреса во Р Германија, да се јави пред Основниот суд во Тетово, во рок од 15 дена или да ополномошти некој кој ќе ги штити нејзините права и интереси и ќе ја застапува сè до завршувањето на овој спор.

Во спротивно, преку Центарот за социјална работа Тетово, ќе ѝ биде поставен времен старател кој ќе ја застапува тужената и нејзините интереси сè до завршувањето на овој спор.

Од Основен суд – Тетово, П2-321/25. (12539)

## СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ

Основниот граѓански суд Скопје, со Решение IV Ст. бр. 18/26 од 11.3.2026 година, поведува претходна постапка за испитување на условите за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за инженеринг, трговија и услуги ДЕЛТА-АЛ ДООЕЛ Скопје, ул. „Козле 2А“ бр. 5/6, со трансакциска сметка број 210057373380139 во НЛБ Тутунска банка АД Скопје, трансакциска сметка број 300000001640597 во Комерцијална банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на упис 5737338, единствен даночен број 4030003471242 при УЈП – Регионална дирекција Скопје и шифра на дејност 43.39 – Останати завршни градежни работи.

Се закажува рочиште поради изјаснување по предлогот за отворање стечајна постапка на ден 8.4.2026 година во 12:25 часот, во судница број VI на I кат.

Се определуваат следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се определува лицето Младен Веселинов, ул. „Христо Татарчев 23“ бр. 32 Скопје.

Се задолжува привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите за управување на должникот за водење на работењето сè до донесување на одлука за отворање стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите и да изготви извештај за економско-финансиската состојба на должникот.

Се одредува општа забрана за располагање со имотот на должникот.

Се забранува одредување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

Се забранува исплати од сметките на должникот.

Се повикуваат должниците на должникот своите обврски да ги исполнуваат, а должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Се задолжува должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија, како и да му допушти увид во трговските книги и во неговата деловна документација.

Да се објави оглас на веб-страната на Централнен регистар на Република Македонија – Регионална регистрациона ланцеларија – Скопје, во „Службен весник на Република Македонија“, на огласната табла на судот и веб-страницата на Основен граѓански суд Скопје.

Од Основен граѓански суд Скопје. (12412)

---

Основниот суд во Кочани, со Решение Ст. бр. 16/2025 објавува дека испитното рочиште закажано за ден 9.3.2026 година во 12:00 часот во отворената стечајна постапка на должникот Друштво за производство, трговија и транспорт Млекара Хелти ФУД Берово, ДООЕЛ с. Робово, Пехчево, населено место без уличен систем бр. 155, со ЕМБС 5320992 со ЕДБ 4001999104119 се презакажува за 6.4.2026 година во 11:00 часот во канцеларија бр. 51 на овој суд на кое рочиште ќе се испитуваат и утврдуваат пријавените побарувања, а се презакажува и собранието на доверители (извештајно рочиште) за 6.4.2026 година во 12:00 часот во канцеларија бр.51 на овој суд на кое собрание врз основа на извештајот на стечајниот управник, доверители ќе одлучуваат за понатамошниот тек на постапката.

Од Основниот суд – Кочани. (12502)

---

Основниот граѓански суд Скопје, преку стечајниот судија Ирена Антоска, објавува дека со Решение 1 Ст. бр. 204/25 од 9.3.2026 година, се поведува претходна постапка за испитување на условите за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за трговија и посредување ДЕЛ МОНИКО ДОО Скопје, со седиште на бул. „Крсте Мисирков“ бр. 57-А Скопје, со трансакциска сметка број 300000002456076 во Комерцијална банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на упис 6199330, единствен даночен број 4030007 625287 при УЈП – Регионална дирекција Скопје и шифра на дејност 46.51 – Трговија на големо со компјутери, компјутерска периферна опрема и софтвер.

Се закажува рочиште поради изјаснување по предлогот за отворање стечајна постапка на ден 14.4.2026 година во 10:15 часот, во судница број II на I кат.

Се определуваат следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се определува лицето Симон Михајловски, ул. „Белчишка“ бр. 18а Скопје.

Се задолжува привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите за управување на должникот за водење на работењето сè до донесување на одлука за отворање стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите и да изготви извештај за економско-финансиската состојба на должникот.

Се одредува општа забрана за располагање со имотот на должникот.

**Огласи**

Се забранува одредување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

Се забранува исплати од сметките на должникот.

Се повикуваат должниците на должникот своите обврски да ги исполнуваат, а должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Се задолжува должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија, како и да му допушти увид во трговските книги и во неговата деловна документација.

Од Основен граѓански суд Скопје. (12503)

---

Основниот суд во Охрид, преку судијата Снежана Јаневска, со Решение Ст. бр. 43/25 од 17.2.2026 година, поведе претходна постапка за испитување на условите за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за угостителство, трговија и услуги „Сахара 2018“ увоз-извоз Охрид ДООЕЛ, со седиште на ул. „Сатеска“ бр. 77, регистриран на ден 8.3.2018 година, со ЕМБС 7266740, со ЕДБ 4020018535810, со трансакциска сметка број 200003288629307 која се води во Стопанска банка АД Скопје и трансакциска сметка број 270072667400119 која се води во Халк банка АД Скопје.

Се именува привремен стечаен управник Стојче Тодороски од Охрид, ул. „Сирма Војвода“ бр. 99-г.

Привремениот стечен управник е должен да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори стечајна постапка и дали е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите.

Се закажува рочиште за претходно испитување на условите за отворање стечајна постапка, за ден 13.3.2026 година во 9:10 часот во судница број 2 на Основниот суд во Охрид.

Од Основен суд – Охрид. (12542)

---

Основниот суд во Охрид, преку судијата Снежана Јаневска, со Решение Ст. бр. 41/25 од 17.2.2026 година, поведе претходна постапка за испитување на условите за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за трговија и услуги Интернешенл Солушнс Центар А Тајм Глобал Технолоџис Компани ДОО увоз-извоз Охрид, со седиште на ул. „АСНОМ“ бр. Л1.3/143, регистриран на ден 1.4.2019 година, со ЕМБС 7353863, со ЕДБ 4080019582092, со трансакциска сметка бр. 300000004358634 која се води во Комерцијална банка АД Скопје.

Се именува привремен стечаен управник Стојче Тодороски од Охрид ул. „Сирма Војвода“ бр. 99-г.

Привремениот стечаен управник е должен да испита дали должникот има имот на кој може да се отвори стечајна постапка и дали е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците во стечајната постапка и побарувањата на доверителите.

Се закажува рочиште за претходно испитување на условите за отворање стечајна постапка за ден 13.3.2026 година, во 9:00 часот во судница број 2 на Основен суд Охрид.

Од Основен суд – Охрид. (12543)

---

Основниот суд во Охрид, преку судијата Снежана Јаневска со Решение Ст. бр. 60/25 од 17.2.2026 година, поведе претходна постапка за испитување на условите за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за трговија, услуги и производство „КВИГ 2019“ ДООЕЛ Охрид, со седиште на ул. „Богомилска“ бр. 64, регистриран на ден 30.8.2019 година, со ЕМБС 7377061, со ЕДБ 4020019539410, со трансакциска сметка број 2700737706101-22 која се води во Халк банка АД Скопје.

Се именува привремен стечаен управник, Душко Трпески од Охрид.

Привремениот стечаен управник е должен да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори стечајна постапка и дали е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците во стечајната постапка и побарувањата на доверителите.

Се закажува рочиште за претходно испитување на условите за отворање стечајна постапка за ден 13.3.2026 година, во 9:20 часот во судница број 2 на Основен суд во Охрид.

Од Основен суд – Охрид. (12544)

---

Основен суд во Охрид, преку судијата Снежана Јаневска, со Решение Ст. бр. 61/25 од 17.2.2026 година, поведе претходна постапка за испитување на условите за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги Ибиса увоз-извоз ДООЕЛ Охрид, со седиште на вулевар „Македонски просветители“ б. б. регистриран на ден 23.8.2004 година, со ЕМБС 5895456, со ЕДБ 4020004139076 со трансакциска сметка број 300-0100001918-53 која се води во Комерцијална банка АД Скопје.

Се именува привремен стечаен управник и тоа Душко Трпески од Охрид.

Привремениот стечаен управник е должен да испита дали должникот има имот на кој може да се отвори стечајна постапка и дали е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците во стечајната постапка и побарувањата на доверителите.

Се закажува рочиште за претходно испитување на условите за отворање стечајна постапка за ден 13.3.2026 година, во 9:30 часот во судница број 2 на Основен суд Охрид.

Од Основен суд – Охрид. (12545)

---

Основниот суд во Охрид, со Решение Ст. бр. 47/25 од 9.2.2026 година, отвори стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги Селџан Профил ДОО увоз-извоз Охрид, со седиште во Охрид на булевар „Македонски просветители“ број 260/2, регистриран на ден 10.4.2023 година со ЕМБС 7703570, со ЕДБ 4026023541681 со жиро-сметка број 270-0770357001-56 која се води во Халк банка АД Скопје и не се спроведува и се заклучува, поради немање имот на должникот.

Се задолжува привремениот стечаен управник Александар Деспотоски од Охрид, затекнатите парични средства на трансакциските сметки на должникот да ги распредели на трошоците за заклучување на постапката, а остатокот да го пренесе во Буџетските средства на РСМ при НБ на РСМ со жиро-сметка 100000000063095, сметка на буџетски корисник 290100087669611, приходна шифра 725939 програма 20.

